Република Северна Македонија
ЈУМ Центар за социјална работа
Свети Николе
Бр.04-659/8
дата: 21.07.2021 година

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став,10 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19, 146/19 , 275/19,302/20 и 311/20 година.) , чл. 20 д од Законот за вработените во јавниот сектор (сл весник на РМ бр. 27/14,199/1427/16,35/16 и 196/16) , Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе , во врска со објавениот интерен оглас бр. 04-659/2 од 12.07.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас**

**1.** За извршител на работно место – Раководител на служба за услуги од социјална заштита –Стручен службеник од I ниво СОЗ 0303А01002 во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за услуги од социјална заштита по спроведната постапка за унапредување се избира кандидатот **Дејана Николова**.

**2.** За извршител на работно место – Водител на случај – психолог ,Самостоен стручен службеник од IV ниво СО30303А04021 во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за услуги од социјална заштита по спроведната постапка за унапредување се избира кандидатот **Александра Калофова.**

3. Избраните кандидати ќе бидат унапредени на работните места објавени во интерниот оглас по конечноста на оваа .

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Одлуката да се објави на огласна табла и на веб страницата на установата .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По објавениот интерен оглас бр. 04-659/2 од 12.07.2021 година на огласна табла и на веб страната на Центарот за социјална работа Свети Николе за унапредување на два (2 ) извршители даватели на јавна услуга на работно место Раководител на служба за услуги од социјална заштита,Стручен службеник од 1 ниво и водител на случај –психолог во Службата за услуги од социјална заштита при ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе, а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за унапредување на даватели на јавна услуга, бр.18-5053/2 од 22.06.2021 година , спроведена е постапка за унапредување согласно Законот за социјалната заштита.

Директорот на Установата формира Комисија за селекција за унапредување на два (2 )извршители даватели на јавна услуга со Решение бр.04-659/5 од 14.07.2021 година. Од страна на Комисијата за селекција за унапредување беа разгледани поднесените пријави и документи од потенцијалните кандидати и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека и за двете работни места има поднесено само по една пријава од кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови предвидени во интерниот оглас и истите ги имаат поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 212 став 10 од Законот за социјалната заштита, како и врз основа на Записникот од Спроведеното интервју и ранг листа на Комисијата за селекцијата за унапредување бр. 04-659/7 од 20.07.2021 година за двете работни места, Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку Центарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до :**
**-архива**
**-кандидати**

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**Д и р е к т о р**
**Мелита Стојкова**